Република Северна Македонија
Општина Јегуновце

Republika e Maqedonisë së Veriut
Komuna e Jegunovcit

1215 Јегуновце тел./факс 044 39 77 66

1215 Jegunovc tel./faks 044 39 77 66

Е-маил / E-mail: o-jegunovce@t.mk
Веб сајт / web faqja: www.opstinajegunovce.gov.mk

За интерна употреба

ПРЕДЛАГАЧ: Димитар Костадиноски
ИЗРАБОТИЛ: Марина Ѓорѓиевска
УСВОЈУВА : Совет на општина Јегуновце

П Л А Н

ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

Јегуновце, 2024 година

1. ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ

Потребата за донесување на овој план е заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра кои би се затекнале на местото загрозено од природна непогода или друг вид на опасност. Од тие причини, потребно е овој документ да се состои од два дела и тоа: проценка на загрозеност од природни и други непогоди , мерки и план за заштита и спасување.

1.1. Основни одредби на заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи.

1.1.1.Основни Одредби

Со цел да се оствари Заштита и спасување на населението и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи кои можат да бидат од најразличен карактер Република Северна Македонија презема мерки и активности кои се од нормативен , образовен , управен , организационо-технички карактер и истите се регулирани со Законот за заштита и спасување.(Сл. Весник бр.36/04)

Заштитата и спасувањето во Републиката се организира како единствен систем кој е наменет за следење и спречување на настанувањето и отстранувањето на последиците од природни непогоди и други несреќи кои се причинител за загрозување на животите на луѓето , животните , растителниот свет, природните богатства, материјално техничките средства, објектите од културно наследство,како и давање помош во мир, воена и вонредна состојба.

Заштитата и спасувањето се од јавен интерес за нашата Држава. Од тие причини се организираат сите основни институции на начин кој е уреден со Законот за заштита и спасување, прописи донесени врз основа на закон,како и нормативите ,стандардите и правилата на техничката практика.

Заштитата и спасувањето како единствен систем се остварува преку:

- Изработка на процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи и планови за заштита и спасување од најразлични видови на непогоди-пожари,поплави снежни падовини и др.
- Набљудување ,откривање, следење и проучување на можните опасности од природни непогоди и други несреќи;
- Преземање на мерки за превенција , попречување и спречување на настанување на можните опсности со цел ублажувње на последиците;
- Идентификација и процена на опасностите;
- Едукација и оспособување на населението за заштита,спасување и давање помош;
- Мобилизација и активирање на силите и средствата за заштита и спасување;
- Давање помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди и други несреќи;

2. ПЛАНИРАЊЕ НА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ


Заради организирано спроведување на заштитата и спасувањето, општината како единица на локална самоуправа предлага **План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи** изработен врз основа на позитивните прописи со кои е регулирана заштитата и спасувањето.

Проценката на загрозеност и Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи го донесува органот на управување на општината, како единица на локална самоуправа.

Заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи опфаќа збир на мерки и активности од нормативен , оперативен, организационен, правен, надзорен, технички, образовно-воспитен карактер се со цел попречување на настанување на причините на непогодите,спасување на животите на загрозените од непогодата и материјалните добра.

Општина Јегуновце опфаќа површина од 176.93км^2, каде живеат преку 8750 жители , и важи за мултиетничка општина. Во неа делуваат 18 населени места- Јегуновце,Подбреѓе, Раотинце,Копанце, Туденце, Сиричино,Шемшово, Прељубиште,Јанчиште,Жилче, Ратае, Орашје, Долно Орашје,Беловиште, Вратница, Старо Село, Рогачево и Јажинце.

Седиштето на Општината е сместено во населеното место Јегуновце,што подразбира дека и сите материјални средства за заштита и спасување кои општината планира да ги набави, ќе бидат сместени во неколку пункта по населените места ,да бидат што поблиску до местата за кои се смета дека се подрачја со висок ризик од загрозување, односно во наредниот период Општината планира да формира Месни Штабови за заштита и спасување и Доброволни противпожарни друштва.



Патна инфраструктура на територијата на о.Јегуновце

Приоритет на одржување на патна инфраструктура

1 приоритет-Јегуновце....Вратница..Јажинце-21км (граничен премин)

2 приоритет-Јегуновце...Шемшево...Желино-14км

3 приоритет-Јегуновце...Копанце..Сиричино...Желино-14км

4 приоритет-Јегуновце..Шемшово..Ратае-12км

Според прикажаните точки најдалечната локација е с. Јажинце граничен премин со Р.Косово со 21км оддалеченост од седиштето на општината ,а потребно време на стигнување до месното население е 21мин,с.Ратае е оддалечено 12км и потребно време за пристигнување до тоа месно население е 16 мин, с.Шемшево е на оддалеченост 8км ,потребно време за пристигнување сметано во минути е 11м., и с.Сиричино е на оддалеченост од 10км ,а потребно време за пристигнување е 14м. (Во предвид е земен квалитетот на патната мрежа).

За останатите населени места временскиот период за пристигнување е пократок ,бидејќи локациите се поблиску.

2.1. Обврски на општината,претпријатијата,јавните установи и служби (без исклучок)

Заштитата и спасувањето се спроведува согласно со одредбите на Законот за заштита и спасување со кои се регулирани овие прашања.

Согласно Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ,БР.05/2002), Општина Јегуновце како единица на локална самоуправа,и заедница на жители на одредено подрачје,утврдено со Закон,која преку своите органи и служби овозможува вршење на надлежностите пропишани со Закон и

како таква установа неможе да предизвика поголеми несреќи во текот на дејноста освен можност за настанување на пожар.
Општината Јегуновце располага со следниве капацитети:

- Општинска самостална /општинска зграда со следните простории:
- Канцеларии
- Сала за состаноци
- Архива-писарница
- Санитарни простории
- Двор(бехатон плочки и тревник)

Објектот на Општина Јегуновце се наоѓа на една локација на ул. 101 Бр.бб, с.Јегуновце.
Објектот е со тврда градба и не постои голема опасност од негово уривање и оштетување на соседни објекти.

Објектот граничи од западната страна со паркинг простор,од северна страна со улица,од источна страна со објект на полициска станица кој е одделен од општинаската зграда,и од јужната страна приватни куќи кои се исто така одделени од општинската зграда и не претставува опасност од пренесување на пожар од објект на објект.
Објектот на Општината се наоѓа на ул.101 Бр .бб и е поврзан со главна улица од источна страна која овозможува непречено да се извршува евакуација, пристап на противпожарните возила , возила за брза помош и други возила за евакуација и пружање на помош.Во објектот за време на работа престојуваат во просек од 15-20 луѓе вработени заедно со странки кои би се затекнале во просторииte.

На територијата на Општина Јегуновце има три централни и дванаесет подрачни основни училишта кои вкупно бројат 430 лица (наставен кадар,персонал и ученици).
По иницијатива на Општината во тек е процесот на формирање на Штабови за заштита и спасување во училиштата и во други јавни установи и служби, кои ќе бидат пополнети со вработени од самата институција.Од нивна страна ќе се мапираат сите потребни основни материјали за заштита и спасување кои се потребни во училиштата,кои Општината планира да им ги обезбеди , а во случај на непогода многу би се скратило времето на реакција при попречување и отстранување на непогодата. Исто така во следниот период Општината во соработка со подрачната единица за заштита и спасување Тетово планира да

организира обуки за Штабовите за заштита и спасување во училиштата каде ќе им се имплементира оспособеност и стручност за заштита и спасување.
Одговорностите и обврските за заштита и спасување се утврдени во Законот за заштита и спасување во член 37 кој ги задолжува сите претпријатија , јавни установи и служби, трговски друштва по барање на Градоначалникот на општината, а со согласност и знаење на Дирекцијата за ЗИС. во случај на потреба да им бидат одстапени на употреба превозни сретства,градежни сретства и опрема , односно да се стави на располагање сета опрема што ја поседуваат во зависност од потребата на настанатата ситуација, и доколку претстојат или настанат ненадејни опасности за тоа веднаш и на најбрз можен начин без повик на надлежните институции да известат преку единствениот систем за известување.

2.2. Права и должност на граѓаните.

Во остварување на заштитата и спасувањето работоспособното население ги има следниве права и должности:

- Да учествуваат во заштитата и спасувањето,
- Да извршуваат материјални обврски,
- Да се оспособуваат и подготвуваат за лична и колективна заштита и самозаштита.

3. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Мерки за заштита и спасување се :
Урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при несреќите и по несреќите ,а не се предвидени со овој план.

Технички мерки се:

- Засолнување,
- Заштита и спасување од поплави,
- Заштита и спасување од пожари,експлозии и други опасни материјали,
- Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства,
- Заштита и спасување од урнатини,
- Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи,
- Спасување од сообраќајни несреќи,
- Спасување од снежни наноси.

Хуманитарни мерки се :

- Евакуација;
- Згрижување на загрозеното и настрадано население;
- Радиолошка,хемиска и биолошка заштита;
- Прва медицинска помош;
- Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;
- Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
- Асанација на теренот.

3.1. Урбанистичко-технички мерки

3.1.1. Засолнување

Засолнувањето опфаќа низа активности како што се планирање, изградба, одржување и користење на природни засолништа-Пештер,Шумски појаси, и на други заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културните наследства. Активностите се планирани со урбанистичките планови на државно и локално ниво. Планот за засолнување на населението на Општина Јегуновце во случај на природна или друга непогода е да населението се згрижи во просториите на основните училишта во населените места Беловиште, Вратница, Старо Село, Рогачево, Јажинце, Орашје, Д.Орашје, Јегуновце, Подбреѓе,

Јанчиште, Прељубиште, Сиричино, Шемшово, Туденце, Раотинце, Копанце, Ратае, Жилче се разбира доколку постојат услови во зависност од видот,степенот и локацијата на непогодата.

3.1.1.1 Објекти за засолнување.

Објекти	место	Сместувачки капацитет
ООУ Александар Здравковски	Јегуновце	150
Училишна спортска сала	Јегуновце	100
ООУ-ПУ Александар Здравковски	Раотинце	40
ООУ-ПУ Александар Здравковски	Јанчиште	40
ООУ Шемшово	Шемшово	150
Училишна спортска сала	Шемшово	100
ООУ Шемшово	Туденце	40
ООУ Шемшово	Сиричино	40
ООУ Шемшово	Копанце	50
ООУ Шемшово	Ратае	40
ООУ Шемшово	Жилче	50
ООУ Симче Настовски	Вратница	400
ООУ-ПУ Симче Настовски	Старо Село	40
ООУ-ПУ Симче Настовски	Рогачево	40
ООУ-ПУ Симче Настовски	Јажинце	200
ООУ-ПУ Симче Настовски	Орашје	40
ООУ-ПУ Симче Настовски	Д.Орашје	30
ООУ-ПУ Шемшово	Шемшово	40

Табеларен приказ бр.1 Сместувачки капацитети за засолнување на населението во случај на непогода.

За пристап до горенаведените објекти предвидени за засолнување ќе се користат патишта кои во моментот на дадената состојба ќе се проценат дека се безбедни. Во случај на опасност предвиденото засолниште мора да се оспособи за основна намена во рок од 48 часа.

Одговорно лице за мерката Засолнување
Хххх хххххххх тел.број 000 000 000

3.1.2. Заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа повеќе активности и тоа: првенствено регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти;одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти; набљудување и извидување на состојбите на водотеците и браните, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на поплавниот бран; Запознавање на населението со линијата на поплавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во

загрозеното подрачје; спроведување на евакуација на населението и материјалните добра; обезбедување на премин преку вода;спасување на загрозените луѓе на вод; исцрпување на водата од поплавените објекти; извлекување на настраданите и удавените; обезбедување на загрозеното население со основни услови за живот -сместување,исхрана,хигиена.

Значајна потреба претставува и процесот на мапирање кое е од суштинско значење за планирање и користење на земјиштето, се со цел да се намалат штетите и загубите за населението и јавните објекти како резултат на природни непогоди.



Слика бр.1 Преглед на ризик подрачје од поплава на територијата на општина Јегуновце. (течение на река Вардар)

Со мапирање на зоните кои се подложни на ризик од поплави, може да се идентификуваат областите соодветни за економски и урбанистички развој во Општината. Мапирањето на поплавите особено во населените места е од клучно значење за управување со ризикот од поплави и лоцирање односно идентификување на најагрозените објекти.

На територијата на Општина Јегуновце кога станува збор за природни непогоди ,**поплавите** се една од најчестите појави на ова подрачје.

При дефинирање на зоните на опасност од поплави анализирана е реката Вардар како и водотеците Бистрица, Беловишка, каналот за наводнување Радиовце и Бистрица. Како една од најкритичните реки на територијата на Општина Јегуновце е реката Вардар која варира во однос

на нејзиното ниво во секое годишно време.Во летните периоди водостојот на водите е испод потребното ниво на мерење, а одредени временски периоди /поројни дождови/нагло топење на снег/за релативно кратко време се зголемува нивото на водата и во голема мера придонесува за полнење на коритото на река Вардар и излевање на истото.

Со цел превентивно делување, елиминирање или намалување на опасноста од поплави континуирано се преземат превентивни и оперативни мерки и активности од страна на локалната самоуправа во соработка со надлежните институции.

Во 2006 год .по барање на општината ,а во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување ,беше извршено прочистување на коритото на река Вардар во населените места Јегуновце,Раотинце,Копанце и Туденце.
Исто, така во 2013 год од страна на општината беше спроведена акција во која беа поставени вреќи со песок на најкритичните места во с. Раотинце во која беа вклучени вработени од ДЗС и Армијата на Република С.Македонија.
Неуреденоста на коритото на реката Вардар и неговото нередовно одржување е една од основните причини за неконтролирано излевање на водите и притоа прави големи штети на обработливи површини и градежни објекти клучни за живеење,племји ,штали и други објекти во кои се одгледуваат домашни животни.

Од досега случените поплави на територијата на општината не се евидентирани сериозни загрозувања и не предизвикале нарушувања на животот и здравјето на населението , на квалитетот на водата за пиење ,но можеше да се забележи отежнато одвивање на виталните функции бидејќи сообраќајниците се тешко проодни, како и после повлекувањето на водата забележително е и присуството на инсекти кои се можни носители на на заразни болести.Во тој поглед Општина Јегуновце во соработка со Центарот за јавно здравје-Тетово спроведуваат акции од типот прскање со **пестицид-инсектицид** се со цел превенција и заштита на загрозување на животот на населението од заразни болести/присуство на штетни инсекти-комарци.

---

* Земајќи ги во предвид ваквите состојби во минатото во 1979 год. поради порастот на водостојот на река Вардар достигна дури 125 см над максимално дозволената кота во која дојде до пораст на подземните води и до поплавување на преку 50 домаќинстава каде жителите претрпеа значително големи штети на земјоделски култури и на станбени објекти. Ваквата состојба се повторува и во 2006,2010, 2012 и 2013 година ,но со нешто послаб интензитет.
(За неполни 6 часови се формира поплавен бран со висина од 40-60см.)

Општина Јегуновце има донесено Оперативен план за чистење на речните корита на река Вардар и други поројни потоци за 2023/24г во кој е предвидено расчистување на нанос,ниска вегетација,комунален и градежен отпад,проширување и продлабочување на речното корито и сечење или извлекување на стебла од речното корито на реката Вардар во должина од 7000м и реката Бистрица во должина од 1500м. Овие активности се во тек ,но се условени од нивото на водата во природните водотеци во речните корита,што ќе овозможи безбедна работа.

Во заштита и спасување од поплави предвидуваме вклучување на сите жители кои поседуваат цистерни и моторни пумпи за вшмукување,и истите ќе се ангажираат доколку за тоа има потреба.

Одговорно лице задолжено за заштита и спасување од поплави
Хххххх ххххх тел.број 000 000 000

3.1.3. Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер. Заштитата и спасувањето од овој вид се планира, организира и спроведува во сите средини, објекти и места со преземање на превентивни и оперативни мерки,

Превентивни мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии, и опасни материи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторно и урбанистичко планирање и со технички нормативи кои се планираат во проектирање и изградба на објектите.

Оперативни мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се активности за навремено откривање, спречување на ширење и гасење на пожерите,утврдување на причините за настанување на непогодата како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од истата.

Пожари можат да се сретнат од типот:
Шумски пожари,
Пожари на отворен простор,
Пожари во урбаните средини на Општината.

Гледајќи од аспект на **шумски пожари** ,тие можат да настанат од:

- самозапалување од удари од гром, стаклени шишиња
- фрлање отпушоци во шумите на несовесни граѓани,

- палење на оган и неконтролирано гасење/печење скара и др.
- дефекти на далноводи,
- намерно палење на деградирана шума, висока трева и др.

Пожари на отворен простор

- палење на стрништа
- фрлање отпушоци по сообраќајниците
- самозапалување од удари од гром

Пожари во урбаните делови на Општината


- небезбедни и неисчистени оџаци,
- неисправни грејни тела,
- неисправна инсталација,
- неисправни плински уреди и лошо ракување со истите.

Општина Јегуновце морфолошки се наоѓа меѓу западната падина на планина Жеден и јужната падина на Шар Планина,што претставува јасна слика дека релјефот на општината е претежно планински , што значи дека ризикот за настанување на пожари е значително висок. Ризик од пожари преставува и рамничарскиот дел на општината, регистрирани се неколку пожари на отворено и пожари на објекти.

Општина Јегуновце не располага со обучени и оспособени противпожарни единици , но во наредниот период ќе пристапи кон формирање на сили за заштита и спасување,штабови и единици согласно закон и др.прописи со кои се регулирани овие прашања и нивно опремување и оспособување во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување ПЕ-Тетово, исто така во наредниот период ќе организира обуки за нивно оспособување, како и за едукација на населението во тој поглед.

---

* Планински пожари кои се имаат случено на подрачјето на Општина Јегуновце во изминатиот период може да се споменат во:
2007 и 2013 год. на планините Жеден и Сува Гора во атарот на с.Сиричино,с.Туденце, с.Копанце и с.Раотинце во кои беа зафатени
1200ха обраснати со мешана претежно ниска до средна стеблеста дабова шума,смрека, фоа и др. Деградирана вегетација, а за нивно локализирање беа ангажирани сили и средства на ЈУ,,Македонски Шуми" , подружница ,,Лешница"-Тетово, ТППЕ-Тетово, ДЗС, АРМ и МВР кои учествуваа со хелихоптери, авионска поддршка, и локалното население.
2012 год. на Шар Планина во атарите на населените места во с.Вратница и с.Беловиште во кое исто така беше зафатена поголема површина обрасната со дрвна маса од мешан карактер.
2005,2010 ,2011 се регистрирани пожари со послаб интензитет.
Временските услови, ненавремената интервенција ,недоволната кординација помеѓу ангажираните субјекти придонесоа поголем број пожари да се прошират и да зафатат поголема површина ,а гасењето да трае повеќе време.



Слика 2. Мапирани локации кои биле зафатени од пожар со поголем интензитет.

Централното општинско подрачје е со развиена инфраструктура каде се лоцирани најзначајните административни и деловни објекти. Воедно на овој простор се изградени индивидуални и колективни станбени објекти.
Најсериозен проблем кој се јавува при движење и интервенција на ПП возилата од ТППЕ-Тетово се возилата, тракторите,земјоделската механизација и тесните сообраќајници кои дополнително ја отежнуваат интервенцијата.

Општина Јегуновце располага со стручен кадар кој се грижи за следење и примена на прописите од областа на заштитата и спасувањето, но треба да обезбеди материјални и други можности за подобра и поолеснителна реализација на мерките,задачите и активностите што се однесуваат на заштита и спасување. Општината располага со потребен број на ПП Апарати и хидранти кои редовно се одржуваат и сервисираат од страна на овластена фирма,а исто така во зградата се вградени и алармни системи за заштита од пожари.

Во делот за заштита и спасување од пожари,општината во својот буѓет за следната 2024 год. предвидува и набавка на материјални сретства со кои би се олеснило спроведувањето на мерките за справување со пожари.

Во текот на 2024г. Општината предвидува набавка на:

- Грбни прскалки за гасење на шумски пожари 15ком.
- Челични метли и други прирачни сретства,
- Униформи.

Оваа опрема ќе биде обезбедена преку набавка на општината, а дел ќе биде обезбедено, доколку за тоа има услови преку ДЗС, донации и сл.и истата ќе биде дистрибуирана по Месни Штабови и ставена на располагање на доброволните ПП-друштва и месното население(кое што се предвидува да се формира во идниот период).

Во справувањето со пожари ,Општината ги вклучува сите земјоделци кои поседуваат цистерни и ќе делуваат на пристапни терени.

Одговорно лице за заштитаи спасување од пожари
Хххххх хххххххх тел.број 000 000 000

3.1.4 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства.

Заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање на неексплодирани убојни средства,обележување и обезбедување на теренот,онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни средства.

Вакви опасности можат да произлезат во случај на ископ при градба на нови објекти, во тој случај веднаш треба да биде известена Дирекцијата за заштита и спасување.

На подрачјето на Општина Јегуновце во изминатиов период се воделе повеќе воени дејствија од Прва и Втора Балканска војна , Прва и Втора Светска војна и како последица на ваквите дејствија и присуството на голем број на војска, на територијата на општината сеуште постојат одредени подрачја каде би можело да се пронајдат заостанати неексплодирани убојни средства **(НУС)** кои во голема мера претставуваат непосредна опасност за граѓаните. На падините на Шар Планина на повеќе локации по должина на протегање линијата на фронтот на Првата светска војна, при спроведените акции на ДЗС биле пронајдени повеќе видови на рачни бомби, артилериски гранати и авионски бомби.

Општина Јегуновце не располага со податоци за случени несреќи од ваков карактер.

Одговорно лице за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни и средства
Хххх хххххххх тел.број 000 000 000

3.1.5. Заштита и спасување од урнатини

Заштита и спасување од урнатини претставува процес кој се изведува со преземање на превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки мерки за заштита од уривање се активности кои се планираат и спроведуваат со просторно и урбанистичкото уредување и со примена на технички нормативи при проектирање и изградба на објекти.

Оперативни мерки контрола на спроведување на превентивните мерки.

Општина Јегуновце до сега се нема соочено со вакви состојби,но доколку настанат такви непогоди ,Општината поседува сопствено Општинско јавно претпријатие кое е опремено со потребна механизација. Во тој поглед општината ќе се ослони на поддршката од приватните претпријатиа кои ја стават на располагање сета потребна сопствена опрема, а би биле ангажирани во зависност од степенот на моменталната ситуација на непогодата.

За заштита и спасување од урнатини и расчистување на теренот ќе бидат ангажирани следниве правни лица:

Име на правно лице	име и презиме	Тел.за контакт	место	потпис
xxxxxxxxxxx	xxxxxxxxxxx	xxxxxxxxxxx	xxxxxxxxx	
xxxxxxxxxxx	xxxxxxxxxxx	xxxxxxxxxxx	xxxxxxxxx	
xxxxxxxxxxx	xxxxxxxxxxx	xxxxxxxxxxx	xxxxxxxxx	
xxxxxxxxxxx	xxxxxxxxxxx	xxxxxxxxxxx	xxxxxxxxx	
xxxxxxxxxxx	xxxxxxxxxxx	xxxxxxxxxxx	xxxxxxxxx	
xxxxxxxxxxx	xxxxxxxxxxx	xxxxxxxxxxx	xxxxxxxxx	

Табеларен приказ бр.2 Правни лица кои ќе бидат ангажирани во заштита и спасување од урнатини.

Одговорно лице за заштита и спасување од урнатини
Хххх ххххххххх тел.број 000 000 000

3.1.6 Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи

Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи опфаќа преземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските објекти,кои во производниот процес употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозување на луѓето и материјалните добра. Мерките за заштита и спасување од техничко-технолошки катастрофи во себе содржат заштита на луѓето кои се вклучени во процесот на производство и материјалните добра, но исто така соджат и еколошка димензија. Еколошката димензија на заштитни

мерки тргнува од сознанието дека животната средина е ограничен ресур, кој во одделни средини , а и во глобални рамки е доведен до граница на издржливост. Една од можните потребни превентивни мерки за заштита од овој вид на несреќи е просторното и урбанистичкото планирање,кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можни инциденти , во одржување на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон заштита на животната средина.

Одговорно лице за заштита и спасување од техичко -технолошки несреќи

Хххн хххххххх тел.број 000 000 000

4. ХУМАНИТАРНИ МЕРКИ

4.1. Евакуација

Евакуацијата подразбира планско, организирано и контролирано поместување на населението, материјалните добра и културното наследство на општината од загрозени во безбедни подрачја на претходно утврдени објекти и локации.

Доколку општината е зафатена со појак интензитет на непогода и неможе да се создадат услови за безбедно сместување на населението, тие се преместуваат во други безбедносни зони и во соседни Општини на одредено време и место, целиот тој процес несмее да ја парализира основната функција на Општината која го остварила прифатот на загрозеното население.

Како значаен фактор кој дополнително го отежнува процесот на спасување и евакуација е појава на **паника** кај населението која неможе да се контролира,бидејки тоа е интензивно чувство и се пренесува од човек на човек. Како причина за појава на паника може да бидат сите видови на природни непогоди и други несреќеи.

Евакуацијата се спроведува доколку со други мерки неможе да се спречат последиците од појавата, при тоа среќаваме два **вида на евакуација** и тоа:

- **Превентивна** евакуација која подразбира ситуација во која непогодата не е настаната, но голема е веројатноста да таа се случи, и ги опфаќа следниве активности:
  - Најбрзо прекинување на електричната енергија,
  - Евакуација на сите лица кои се затекнале на местото на непогодата,
  - Преземање на мерки за спречување на можна паника,
  - Известување на професионалните служби и лицата кои се наменети за евакуација.
- **Неопходна** евакуација се спроведува што е можно побрзо и во најкраток можен рок од кога се случила непогодата. Таа ги опфаќа следниве постапки:
  - Исклучување на електрична енергија ,
  - Брза и организирана евакуација на сите лица од погодените локации,
  - Преземање на мерки за спречување на можна паника,
  - Известување на професионалните служби и овластените лица кои се предвидени за спроведување на евакуација.

4.1.1 План за евакуација

Планот за евакуација подразбира планско, организирано, контролирано и привремено преместување на населението и материјалните добра од потенцијално загрозено или веќе загрозено подрачје, на помалку загрозено или безбедно подрачје. Со овој План неопходно е да се дефинираат силите и материјално-техичките средства како и начинот на употреба на истите при спроведување на мерката евакуација.

